РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 01.02.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 0304 | 577/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар

3. **Датум на извршување на надзорот:** 31 јануари 2024 година

4. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, според кој *„За обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата"*; и

   - **Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување** (Пречистен текст, бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), според кој *„Имателот на дозволата за радио емитување е должен во редовен работен однос да има најмалку: ...2 (две) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со над 50.000 жители"* и *„Одговорниот уредник на програмскиот сервис треба да биде во редовен работен однос"*.

5. **Претходно изречена мерка:** Покрената е постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, врз основа на Предлог УП1 бр.0802-24 од 23.01.2024 година.

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за

минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

**Образложение:** На 09.10.2023 година, Агенцијата испрати допис (наш бр. 03-3705/1) до ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, со кој побара во рок од 30 дена од денот на приемот на дописот да достави документи (Пријави/Одјави во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2, издадени од Агенцијата за вработување на РСМ) од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во правилникот. Дописот беше примен од радиодифузерот на 13.10.2023 година. Бидејќи заклучно со 24.11.2023 година радиодифузерот не ги достави потребните документи, Агенцијата повторно писмено се обрати до него (допис бр. 03-4415/1 од 27.11.2023 година) и побара истите да ги достави во рок од седум дена од денот на приемот на овој допис. И овој допис беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 29.11.2023 година.

На 12.12.2023 година, ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар достави до Агенцијата Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување (Образец М1/М2) за едно лице и договор на дело склучен помеѓу радиодифузеот и едно физичко лице. Имајќи предвид дека согласно Правилникот лицата треба да бидат вработени во радиодифузерот во редовен работен однос со полно работно време, стручната служба во неколку наврати оствари и телефонски разговор со радиодифузерот, посочувајќи му дека е нужно да ги достави потребните документи за да се потврди дека ги исполнува минималните кадровски услови.

Заклучно со 17.01.2024 година радиодифузерот не ја достави до Агенцијата потребната документација, поради што на 18.01.2024 година беше извршен вонреден административен надзор (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-354/1), со кој беше констатирано дека не ги исполнува минималните кадровски услови. Имајќи го предвид ова, Советот на Агенцијата на својата четврта седница, одржана на 25.01.2024 година, на предлог од директорот покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на овој радиодифузер, за што беше известен и самиот радиодифузер (Известување бр.0802-24 од 26.01.2024 година). Радиодифузерот, исто така, беше известен и дека доколку не ја достави потребната документација од којашто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови, Советот на Агенцијата, во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот од директорот, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радиоемитување. Овој рок истекува на 07.02.2024 година.

На 30-ти и 31-ви јануари 2024 година, ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар достави во Агенцијата изјава од управителот (наш бр. 03-518/1) со која изјавува дека истовремено е и главен уредник на програмата на радиодифузерот, и Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 за уште едно лице (наш бр. 03-518/2). Од доставените документи е видно дека во радиостаницата во редовен работен однос со полно работно време се вработени две лица кои учествуваат во создавањето на програмата и дека одговорниот уредник на програмскиот сервис е во редовен работен однос.

7. **Предлог:** Имајќи предвид дека ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, се дава следниот предлог:

- Советот да донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар.